СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД



| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**28.04.2006**<br>**БРОЈ 4 ГОДИНА 41** | |



# С О Д Р Ж И Н А



**1.** Одлука за измени и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид **2**

**2.** Одлука за формирање Совет за заштита на потрошувачите **3**

**3.** Одлука за формирање Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите **5**

**4.** Заклучок за задолжување на МЈП „Проаква„ - Струга и ЈП „Охридски комуналец„ - Охрид да изработат елаборат за согледување на можностите за корекција на цените на комуналните услуги **6**

**5.** Одлука за продажба на делови од товарни моторни возила **7**

**6.** Заклучокот за дислокација на отпадот во с.Велгошти **9**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на општина Охрид што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/2**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 57 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 42 и 52 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за организација на општинската администрација на Општина Охрид бр.07-829/3 од 30.06.2005 година („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/05).

**Член 2**

Во членот 6 став 2 се брише зборот „може да„.

**Член 3**

Во членот 9 точка 2 буквата „и„ на крајот се брише, и се додава запирка, а во точка 3, точката на крајот се брише и се додава запирка, а после тоа се додава нова точка 4 која гласи: „општински инспекторат„.

**Член 4**

Во членот 11 точката на крајот од точка 4 се заменува со запирка и се додава нова точка 5, која гласи:

„Одделение за противпожарна заштита„.

**Член 5**

По член 15 се додава нов член 15 а, кој гласи:

„Одделението за противпожарна заштита ќе функционира како територијална противпожарна единица заради гасење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации. Противпожарната единица ќе извршува и други работи при несреќи и непогоди.

Противпожарната единица може да врши и определени непрофитабилни услуги заради подобрување на нивната техничка опременост и услови за работа, кои не смеат да го оневозможуваат или попречуваат извршувањето на редовните функции„.

**Член 6**

По членот 23 се додава нов член 23 а, кој гласи:

„Општинскиот инспекторат ги врши работите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор на работите што се во надлежност на Општина Охрид„.

**Член 7**

Во членот 25 став 1 буквата „и„ после зборот „секторите„ се заменува со запирка, а после зборот „одделенија„ се додава „инспекторатот„ , после зборот „раководители„ се додава запирка и зборовите „а со противпожарната единица командир„.

Во ставот 2 после запирката се додава зборот „инспекторатот„ , а ставот 3 од истиот член се брише.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид„ , а ќе се применува по добивањето на согласност од Агенцијата за државни службеници.

**Број 07-852/2**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање Совет за заштита на потрошувачите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-561/3**
**27.04.2006 год.**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**

**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 56 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр. 5/02), член 77 и 83 од Статутот на општината Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 24.04.2006 година, донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

**Член 1**

Се формира Совет за заштита на потрошувачите за разгледување на прашања и утврдување предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од Општината, како што се МЈП „Proаква„ - Струга, ЈП „Охридски комуналец„ - Охрид и ЈЗУ „Здравствен дом „ - Охрид.

**Член 2**

Советот за заштита на потрошувачи ќе го сочинуваат претставници на поголемите групи и корисници на јавните услуги.

**Член 3**

За членови на Совет за заштита на потрошувачи се избираат:

1. Ѓоко Јанески
2. Цонка Велјаноска
3. Анета Ангелоска
4. Благородна Стојаноска
5. Таљат Демирани
6. Ангеле Баулоски
7. Сотир Шикалоски
8. Стефан Стефоски
9. Ристе Трајкоски

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на оппштина Охрид„.

**Број 07-852/3**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 58 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите.

**Член 2**

Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите ќе ги разгледува прашањата од родова рамноправност со цел да развие и воспостави политика за родова еднаквост насочена кон оспособување на жените и мажите да учествуваат на подеднакво ниво во социјалната, политичката и економската сфера.

**Член 3**

За членови на Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите се избираат:

1. Анита Кипаризоска - Крстеска
2. Поликсена Проева
3. Хавза Реџет - Каќел
4. Љупчо Нечкоски
5. Билјана Балазоска

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на оппштина Охрид„.

**Број 07-852/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2006 год.** **Претседател**

**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА МЈП „ПРОАКВА„ - СТРУГА И ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ - ОХРИД ДА ИЗРАБОТААТ ЕЛАБОРАТ ЗА СОГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за задолжување на МЈП „Проаква„ - Струга и ЈП „Охридски комуналец„ - Охрид да изработаат елаборат за согледување на можностите за корекција на цените на комуналните услуги, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА МЈП „ПРОАКВА„ - СТРУГА И ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ„ - ОХРИД ДА ИЗРАБОТААТ ЕЛАБОРАТ ЗА СОГЛЕДУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ ЗА КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИТЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Стручните служби на МЈП „Проаква„ - Струга и ЈП „Охридски комуналец„- Охрид да изработаат елаборат за согледување на можностите за корекција на цените на комуналните услуги

**Број 07-852/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВИ ОД ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продажба на делови од товарни моторни возила, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/6**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 и 66 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.бр.5/02), член 83 и 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВИ ОД ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за продажба на делови, кои не се во работна состојба, од - товарното моторно возило за превоз на ѓубре, тип Ротопреса, (барабан), марка ФАП, тип 1314 ФФ со рег. бр. ОХ 406 БЕ, број на шасија 132009, година на производство 1983, - товарно моторно возило - отворено - Кипер марка ФАП, рег бр. ОХ 130 БЕ, тип 1921 БК, број на шасија 103681, година на производство 1986 и - товарното моторно возило за подигнување и транспорт на контејнери - кука марка ФАП, рег. бр. ОХ 432 АЈ, тип 1314, број на шасија 42014, год. на производство 1979.

**Член 2**

Продажбата на деловите ќе се врши по пат на јавно наддавање и почетната цена на наддавањето ќе изнесува:

1. За деловите од товарното моторно возило за превоз на ѓубре, тип Ротопреса, (барабан), марка ФАП, тип 1314 ФФ со рег. бр. ОХ 406 БЕ, број на шасија 132009, година на производство 1983 .................. 1.800.оо ЕУР во денарска противредност;

2. За деловите од товарното моторно возило - отворено - Кипер марка ФАП, рег бр. ОХ 130 БЕ, тип 1921 БК, број на шасија 103681, година на производство 1986 ........................................................................ 2.500.оо ЕУР во денарска противредност;

3. За деловите товарното моторно возило за подигнување и транспорт на контејнери - кука марка ФАП, рег. бр. ОХ 432 АЈ, тип 1314, број на шасија 42014, год. на производство 1979 ...................................... 1.500.оо ЕУР во денарска противредност;

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот да формира комисија што ќе го спроведе јавното наддавање.

**Член 4**

Финансиските средства добиени од продажбата да се инвестираат за стекнување на нови средства или реконструкција на постојните.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„ .

**Број 07-852/6**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВИ ОД ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА**, Заклучокот за дислокација на отпадот во с.Велгошти што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/6**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 и 66 од законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.бр.5/02), член 83 и 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДЕЛОВИ ОД ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** за продажба на делови, кои не се во работна состојба, од - товарното моторно возило за превоз на ѓубре, тип Ротопреса, (барабан), марка ФАП, тип 1314 ФФ со рег. бр. ОХ 406 БЕ, број на шасија 132009, година на производство 1983, - товарно моторно возило - отворено - Кипер марка ФАП, рег бр. ОХ 130 БЕ, тип 1921 БК, број на шасија 103681, година на производство 1986 и

товарното моторно возило за подигнување и транспорт на контејнери - кука марка ФАП, рег. бр. ОХ 432 АЈ, тип 1314, број на шасија 42014, год. на производство 1979.

**Член 2**

Продажбата на деловите ќе се врши по пат на јавно наддавање и почетната цена на наддавањето ќе изнесува:

1. За деловите од товарното моторно возило за превоз на ѓубре, тип Ротопреса, (барабан), марка ФАП, тип 1314 ФФ со рег. бр. ОХ 406 БЕ, број на шасија 132009, година на производство 1983 .................... 1.800.оо ЕУР во денарска противредност;

2. За деловите од товарното моторно возило - отворено - Кипер марка ФАП, рег бр. ОХ 130 БЕ, тип 1921 БК, број на шасија 103681, година на производство 1986 ............................................................................ 2.500.оо ЕУР во денарска противредност;

3. За деловите товарното моторно возило за подигнување и транспорт на контејнери - кука марка ФАП, рег. бр. ОХ 432 АЈ, тип 1314, број на шасија 42014, год. на производство 1979 ........................................ 1.500.оо ЕУР во денарска противредност;

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот да формира комисија што ќе го спроведе јавното наддавање.

**Член 4**

Финансиските средства добиени од продажбата да се инвестираат за стекнување на нови средства или реконструкција на постојните.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-852/6**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 62 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ДИСЛОКАЦИЈА НА ОТПАДОТ ВО с.ВЕЛГОШТИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за дислокација на отпадот во с.Велгошти, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година.

**Број 08-852/7**
**27.04.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 и 83 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 27.04.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ДИСЛОКАЦИЈА НА ОТПАДОТ ВО с.ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Градоначалникот и стручните служби на Општината на првата наредна седница да достават Информација, до каде е постапката за дислокација на отпадот во с.Велгошти.

**Број 07-852/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**27.04.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**